

Број 11
април - јуни 2007

# БИЛТЕН за меѓурелигиска соработка

Buletin për bashkëpunim ndërreligjioz ● Bilteno baš-o maškar konfesionalnikano jekhetano butikeripe ● Dinlerarası işbirliği bəlteni
Билтен за међурелигиску сарадњу ● Simirida ti colaboratsii anamisa tuti religii
Bilten za međureligisku saradnju ● Bulletin for inter-religious cooperation

„Господе мој, подари ми ја сета Твоја љубов и љубовта на оние кои Те сакаат"

(Исламска порака)

## ОДРЖАНА Е МЕЃУРЕЛИГИСКА РАБОТИЛНИЦА ВО ОХРИД

Од 31 мај до 3 јуни 2007 г., во хотелот „Сончева порта" – Охрид, под организација на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски", се одржа работилница за меѓурелигиска соработка. На работилницата учество зедоа студенти од Богословскиот факултет, од Католичката црква и од Евангелско–методистичката црква. Иако своето присуство го најавија и претставници од Исламската верска заедница, тие не беа во состојба да присуствуваат.



Свои предавања на работилницата имаше деканот на Богословскиот факултет, проф. д-р Ратомир Грозданоски, на темата *„Апостолот Павле и Македонија"* и *„Зошто Македонската православна црква е непризнаена"*. За време на предавањето, деканот го истакна најпрво историското и апостолско основање на Црквата во Македонија, притоа укажувајќи на значењето на истата за подоцнежниот развој на христијанството на Балканот и во Европа. Првиот град, односно портата низ која влегло христијанството во Европа бил градот Филипи. Токму од овој град била благочестивата Лидија која се покрстила по проповедта на апостолот Павле, и со тоа постанала прва христијанка во Европа, станала достојна за епитетот рамноапостолска. Токму во домот на Лидија била основана и првата црква. Така, Македонија постанала центар на христијанството во Европа.

На своето второ предавање деканот низ историски преглед на Црквата во Македонија, како и низ споредба со други цркви објасни зошто Македонската православна црква денес не е автокефална црква признаена од другите цркви. Иако, во буквална смисла на зборот, е мајка на сите други цркви, како на Балканот, така и пошироко, сепак е подоцна отфрлена од своите чеда. Ова отфрлање не е поради ништо друго, туку токму поради фактот што некој се труди да ја измени историјата и да си го придаде себеси епитетот мајка црква на Словените, да го погази македонскиот народ како нација и МПЦ како црква. Неканонски укината, неканонски отфрлена, неканонско одземено достоинство. Иако денес таа во очите на дел од другите цркви стои како непризнаена, сепак во себе сите знаат дека токму оваа наша Македонска православна црква и нашиот архиепископ охридски и македонски г.г. Стефан во себе го носат апостолското преемство, а со тоа и правото да биде автокефална црква.

На работилницата свои предавања исто така имаше и д-р Патрис Бордеоур, професор при Универзитетот во Квебек – Канада. За време на своите предавања, тој ја истакнуваше важноста за Македонија, како држава во развој, да има добро развиен меѓурелигиски однос. Иако мала, сепак таа како држава е мултиетничка, а тоа со себе повлекува и голема одговорност. Начинот на кои може да се постигне овој меѓурелигиски дијалог, како и за значењето на истиот, беше тема на едно од предавањата. Иако потекнува од други простори, сепак како професор

страна 2 Меѓурелигиска соработка
страна 3 Посети на верски објекти
страна 4 Посети на верски објекти Студиски посети
страна 5 Дијалог и соработка
страна 6 Дијалог и соработка
страна 7 Настани
страна 8 ИНФО

имал големо искуство во оваа област, па токму и поради тоа беше поканет на оваа работилница да земе учество со своите предавања.

Д-р Ина Мерџанова, професор при Софискиот универзитет, беше третиот предавач на оваа работилница. Таа е авторка на многу книги, од кои поголемиот дел се на тема на меѓурелигиски дијалог. Таа со своето предавање го пренесе сопственото искуство кое го имала во другите балкански држави, особено во повоената Босна и Херцеговина. Токму преку овие искуства таа го пренесе, според неа, најбрзиот и најлесен начин да се постигне меѓурелигиски дијалог со цел за помирно живеење.

Иако времетраењето на самата работилница беше навистина кратко, како што беше истакнато од поголемиот



број од учесниците, сепак можноста за учење максимално се искористи. Учесниците, пред сè, развија едно



меѓусебно пријателство, ветувајќи и понатамошна соработка. Не треба да се заборави и самиот материјал кој се презентира пред учесниците. Ж елбата за подобро општество придонесе учесниците сериозно да го сфатат значењето на работилниците од ваков тип. Дискусијата по секое предавање беше неизбежна и, на сечие изненадување, секој учесник активно зеде учество во истата. Предавачите беа особено задоволни што на ниту еден од учесниците не му беа повредени религиските чувства и најмалку некој се почувствува дискриминиран поради својата верска или, пак, национална определба и припадност, туку напротив, секој го застапуваше својот интегритет. Токму ваквиот начин на дискусија, како што беше и потенцирано, е првиот чекор во развојот на мултиетничко и мултирелигиозно општество.

По предавањата и разговорите, имаше меѓусебни дружења на учесниците, а и меѓу самите предавачи. Зближувањето кулминира кога сите учесници, вклучувајќи го и предавачот проф. Патрис, на една од седенките, ја запеаја заедно песната „Македонско девојче„ притоа приклучувајќи се на орото кое се виореше. На крајот сите братски и искрено се поздравија, среќни што стекнале нови знаења, но пред сè и нови пријатели. Еден од учесниците, Бојан Пенев, претставник на Евангелско-методистичката црква, ги искажа своите впечатоци за работилницата со следниве зборови: „Многу ми е мило што учествував на работилницата во Охрид. Ова ми е првпат да присуствувам на ваква работилница и се здобив со убави искуства, нови пријателства и научив нешто ново, а тоа е дека треба да градиме заедничко живеење со луѓето кои се со различни духовни искуства. Покрај предавањата, продолжувавме и навечер да се запознаваме и да разговараме за историјата, вистините, обичаите на една или друга религија. Во иднина би сакал да има и други такви средби, бидејќи дијалогот нè води кон подлабока смисла на заедништво еден со друг и поголема меѓусебна толеранција".

**Подготвил:**
**Ненад Инчевски**

# ПРЕДАВАЊЕ НА АВИ КОЗМА ПРИ БОГОСЛОВСКИОТ ФАКУЛТЕТ



Со цел студентите на Богословскиот факултет подобро да се запознаат со еврејската религија и традиција, на Православниот богословски факултет свое предавање одржа Ави Козма, хазан во Синагогата во Скопје. Предавањето беше дел од програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија.

Како целна група беа опфатени студентите од I и од II година, кои по предметот Стар завет на Богословскиот факултет ја изучуваат културата и религијата на јудејството, па така, со ова предавање имаа можност да слушнат за јудејството од верник кој ја проучува и практикува таа религија. Предавањето траеше околу час и половина, за што сите студенти едногласно изјавија дека е многу кратко, изразувајќи желба и во иднина да се организираат вакви предавања. За време на предавањето, студентите имаа можност да ги надополнат своите знаења и од поблиску да се запознаат со еврејството како религија од која никнало христијанството.

Предавањето опфати многу теми, но сепак главната беше низ кратки црти да се опише целата историја на развојот на еврејската религија, од почетокот, па до денес. Иако многу од работите студентите веќе ги знаеја, поради изучувањето на Стариот завет, сепак овој пат се запознаа и со религијата по него, односно еврејството и неговота историја по Христа. Интересна тема беше и краткото предавање во врска со Кабалата и еврејската филозофија. Фактот дека во Македонија се случило големо гонење и истребување на Евреите, ги изненади сите студенти, кои искрено сочувствуваа. Сепак, денес Евреите како нација и религија, возобновени, повторно живеат на овие простори и пријателски се насочени кон сите Македонци, без разлика на која религија припаѓаат тие.

**Подготвил:**
**Ненад Инчевски**

**ИНФОРМАЦИЈА**

Од 4 до 5 јули 2007 година, студентите од Православниот богословски факултет и претставници на верските заедници од Македонија остварија посета на верски објекти во Албанија. Посетени беа: православниот Соборен храм, Католичката црква и главната џамија во Тирана, Архиепископскиот центар, Духовната семинарија во Тирана, како и „Св. Владимир" во Елбасан. Воедно, остварена беше и средба со албанскиот архиепископ, г.г. Анастасиј.

# ПОСЕТА НА ВЕРСКИ ОБЈЕКТИ ВО ОХРИД

Во рамките на меѓурелигиската работилница која се одржа во Охрид, во хотелот „Сончева порта”, беше организирана посета на верски објекти во Охрид.

Иако Охрид како град нуди изобилство од цркви и манастири, сепак, поради



немање доволно време, беа посетени само оние за кои се сметаше дека се од поголема важност.

Првата црква која се посети беше на Плаошник – „Свети Пантелејмон и свети Климент Охридски”. Деканот на Богословскиот факултет, проф. д-р Ратомир Грозданоски, одржа кратко предавање за значењето на оваа црква, како и за



нејзината историја. Може да се напомене дека токму на местото на кое денес стои возобновена оваа црква, пред многу години се наоѓал првиот универзитет во Европа, од кој излегле 3.500 студенти кои го ширеле христијанството и биле оспособени за свештеничка и пастирска служба. Значењето на оваа црква, како за Македонската православна црква и за Република Македонија, така и за целиот свет, е од огромна важност, поради фактот дека токму тука се раѓа една писменост, која подоцна станува општоприфатена за сите словенски народи насекаде низ светот.

„Света Софија” е исто така црква со големо значење за Македонската православна црква. Во неа се наоѓала престолнината на Охридската архиепископија. Иако за време на турското ропство била претворена во џамија, сепак денес е возобновена и вретена во полн сјај. До пред некое време црквата беше под раководство на владата на Р. Македонија, како споменик на културата, но денес е вретена на МПЦ да служи за нејзини цели. Сега како возобновена во неа се служат богослужби и е уште еден светилник показател за важноста на Охридската архиепископија возобновена во лицето на Македонската православна црква во светски рамки.

Црквата „Пресвета Богородица”, истовремено паралелно носејќи го името „Свети Климент Охридски”, е местото каде сè до обновата на црквата на Плаошник, почивеле моштите на нашиот најголем светител и патрон на МПЦ, свети Климент Охридски.

Последна црква која беше посетена е храмот на Католичката црква „Свети Кирил и Методиј”. Овде гостопримство ни изрази о. Стефан Кушин, кој ја објасни кратката историја на црквата, како и нејзиното значење за верниците во Охрид, а наедно ги запозна посетителите и со соработката која ја има Католичката црква со православните цркви во Охрид.

**Подготвил:**
**Ненад Инчевски**

# ПОКЛОНИЧКО ПАТУВАЊЕ НИЗ ПОЛОШКО-КУМАНОВСКАТА ЕПАРХИЈА

*„Кој еднаш дошол – повторно се враќа„*

На 15.05.2007 година, ден посветен на Св. Атанасиј Велики, предводени од деканот на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски” - Скопје, проф. д-р Ратомир Грозданоски, заедно со други професори и вработени, како и со претставници од Римокатоличката црква и од Евангелско-методистичката црква, посетивме неколку македонски православни светилишта во Полошко-кумановската епархија, во кумановскиот и кривопаланечкиот регион.

Најпрво ја посетивме Лаврата „Св. Ѓорѓи” во с. Делјадровци, која и покрај тоа што датира од поново време, сепак пленува и со нејзиниот надворешен изглед и со богатиот фрескоживопис и со извонредната акустика. Лаврата „Св.Ѓорѓи” во с. Делјадровци, со сите содржини, засекогаш ќе остане во нашето паметење.

Следна дестинација од нашето патешествие беше црквата „Св. Ѓорѓи” во с. Старо Нагоричане, изградена пред скоро седум века, поточно во 1313



година, од страна на кралот Милутин врз остатоците од еден постар храм од 11 век, кој според едно старо предание го изградил византискиот цар Роман 4 Диоген (1067-1071). Од старата црква зачувани се ѕидовите, во височина од 4 до 5 метри. Фрескоживописот е добро зачуван и претставува вистинско ремекдело на познатите зографи Ефтихие и Михаило. Како раритет во македонските средновековни цркви, во црквата „Св. Ѓорѓи” е зачуван првобитниот иконостас, изработен од камени столбови, орнаментиран архитрав и парапетни плочи.

Во близина на црквата се наоѓа една пештера која се врзува со името на пустиножителот Св. Прохор Пчински. И овој Господов дом го напуштивме со нови спомени и сознанија од богатата историја на нашата света библиска земја и се упативме кон манастирот „Св. Јоаким Осоговски”, на падините на Осоговските Планини.

Манастирот „Св. Јоаким Осоговски” го основал ученикот на Св. Јован Рилски – Св. Јоаким, кој живеел во 11 и 12 век. Според неговото житие, прв игумен на манастирот бил монахот Теофан, кој во црквата којашто ја изградил тој, по смртта на Св.Јоаким ги погребал неговите свети мошти.

Низ богатата историја на манастирот, во која повеќепати се нашол тој и во тешка финансиска положба, забележани



се бројни посети од страна на исклучително важни личности и гости. Тоа недвосмислено потврдува дека во манастирот се одвивал богат монашки живот, но и голема посетеност од страна на бројна популација, меѓу кои и од голем број иноверни посетители.

Во 1847 година, на иницијатива на главниот ктитор Хаџи Стефан Бегличкијата од Крива Паланка, отпочнала изградбата на големата соборна црква, посветена на „Св. Јоаким Осоговски", која по четири години, односно во 1851 година, е целосно завршена и осветена.

По својата архитектонска диспозиција, црквата претставува трокорабна базилика со 12 куполи и како таква е уникат во македонската црковна архитектура.

Црквата ја изградил познатиот македонски градител од 19 век, Андреа Дамјанов, а поголемиот дел од фрескоживописот е дело на Димитар Андонов Папрадишки.

Северозападно од манастирската црква е подигната помала црква, посветена на Св. Богородица, која потекнува од 14 век.

Денес, манастирскиот комплекс „Св. Јоаким Осоговски" го посетуваат многубројни верници од земјата, но и странски туристи. Нашиот гостопримлив домаќин, старешината на манастирот, протоерејот ставрофор Добрислав Бошковски, ни рече дека многумина кои еднаш го посетиле овој манастир, опиени од неповторливите убавини, повторно се вратиле за да се насладуваат и духовно да се напојуваат. Ние од манастирот си заминавме со мислата дека ретки се местата во светот каде што даровите на Бога и човечките творби со векови низ минатото останале во цврста врска и хармонија, да сведочат за некои дамнешни времиња, како што сведочат црквите и манастирите низ нашата света библиска земја Македонија.

**Подготвил:**

**Кирил Павлевски**

**НАЈЧИТАНИ КНИГИ**
**на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски", Скопје**

1. **Десетте Божји заповеди** – проф. д-р Ратомир Грозданоски, протоѓакон
2. **Поуки и пророчанства** – свети Козма Етолски
3. **Вистинска служба** – И. Н. Потапенко
4. **Глобализам и православие** – Анастасие, архиепископ на Тирана и цела Албанија
5. **Голем е Бог** – Старец Клеопа

# КУСА РЕПОРТАЖА ОД ПОСЕТАТА НА ЦАРИГРАД

*„Синилото на Босфорот во сината џамија„*

Нашето поклоничко патување во Истанбул, ние, апсолвентите од Православниот богословски факултет, „Свети Климент Охридски", предводени од деканот на факултетот, проф. д-р Ратомир Гроздановски, протоѓакон, го започнавме со посетата на сеправославниот центар – седиштето на Вселенската патријаршија. Потоа го посетивме Храмот на Пресветата Мудрост „Света Софија", а разгледавме и голем број други знаменитости и културно-историски споменици од различни епохи.

Посебен впечаток ни остави едно грандиозно здание, кое со својата раскошна архитектура ги плени погледите и вниманието на намерниците, а тоа е џамијата „Султан Ахмет", изградена во периодот од 1609 до 1616 година, по наредба на султанот Ахмет Први, според кого и го носи името. Овој монументален објект, врз кој се подигнати шест минариња, во центарот има купола и четири полукуполи во форма на цилиндри. Централната купола, која има дијаметар од 23,50 метри, се издига високо кон небото, дури 43 метри, мерено до последниот камен. Целиот комплекс претставува една вешто создадена целина во идеална хармонија, присутна и помеѓу главниот објект со придружните објекти и помеѓу самиот комплекс со многубројните споменици што го опкружуваат, иако датираат од различни периоди од историјата на градот.

При самото влегување во внатрешноста на ова вистинско архитектонско ремек-дело пленат прекрасните рачно декорирани цветни керамички плочки и витражните стакла на прозорците. Сончевата светлина во внатрешноста навлегува низ 260 прозорци, под различни агли во различните периоди од денот, со што кај присутните посетители се буди чувство на мистика која единствено таму може да се доживее. Ѕидовите на галеријата се покриени со повеќе од 20.000 измирски ќерамички плочки од рачна изработка, а најгорните делови од куполите се декорирани со бои. Во внатрешноста на џамијата како да навлегло синилото од морето, та сината боја доминира и на ќерамичките плочки и на целиот декор. Синилото од Босфорот како да навлегло во внатрешноста на оваа џамија, која, токму поради доминацијата на сината боја во целиот свет е попозната под името „Сина џамија".

Синилото од морето и синилото од внатрешниот декор на „Сината џамија" и во нашата свест го меморира името на џамијата исклучиво како „Сина џамија".

**Подготвил:**

**Кирил Павлевски**



# ОТВОРЕН ДЕН НА ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

На Православниот богословски факултет во Скопје, во рамките на програмата Меѓурелигиска соработка, за првпат се организира отворен ден за посета на Факултетот. Беа поканети студенти од Филозофскиот факултет, кои покажаа интерес да се запознаат со програмата која се изучува на Православниот богословски факултет, со цел да ги воочат сличностите помеѓу предметите кои ги изучуваат тие и предметите кои се изучуваат на Богословскиот факултет.



Студентите посетители беа пречекани во свечената сала на Факултетот – „Архиепископ Доситеј”, каде поздравен говор одржа деканот на Факултетот, проф. д-р Ратомир Грозданоски. Тој ги запозна посетителите со историјатот на Факултетот, структурата, предметната настава, а наедно одговараше и на многуте прашања од страна на заинтересираните студенти поврзани со наставата, но и воопшто со теологијата. Потоа посетителите имаа можност да ја посетат библиотеката на Факултетот и да се запознаат со литературата со која располага таа.

Коктел беше организиран за студентите посетители и за студентите домаќини, за да се запознаат и да ги споделат своите искуства, а отворениот ден заврши со посета на манастирот „Св. Јован Крстител”, кој се наоѓа во непосредна близина на Факултетот.



Старешината на манастирот љубезно ги пречека посетителите и одговараше на прашањата од заинтересираните студенти.

Отворениот ден, иако се организираше за првпат и со помал број посетители, се оцени како мошне позитивен. Оваа практика ќе продолжи и понатаму, токму поради тоа што Факултетот прави напори да биде дел од Универзитетот, а ова е начин својата програма да им ја претстави на студентите кои студираат на Универзитетот и кои се заинтересирани да најдат начин за соработка со идните православни теолози.

**Подготвила:**
**Анета Јовковска**

# МЛАДИ ТЕОЛОЗИ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА УЧЕСТВУВАА НА СТУДИСКА И ИНФОРМАТИВНА ПОСЕТА ВО ГЕРМАНИЈА

*„Во периодот од 03.06.2007 до 10.06.2007 година, во Германија, фондацијата Конрад Аденауер организира студиска и информативна посета за млади теолози од Југоисточна Европа”*

На средбата учествуваа претставници од Македонија, од Србија и од Босна и Херцеговина од Православната и од Католичката црква, како и од Исламската и од Еврејската верска заедница. Од Македонија учествуваа тројца теолози: Анета Јовковска, претставник од Македонската православна црква, Спасе Спасов од Католичката црква и Зибер Лата од Исламската верска заедница.

Целта на студиската посета беше младите теолози од Југоисточна Европа да земат учество на „Evangelische Kirchetag” - *31 денови на Евангелистичката црква во Германија*, кои оваа година се одржаа во Келн, но претходно групата допатува во Берлин, каде беа остварени повеќе интересни средби со важни личности кои работат на полето на меѓусебната соработка на државата и црквите во Германија.

Особено би ја издвоиле средбата со г. Давид Гил, раководител на Советот на евангелистичките цркви во Германија и во Европската Унија. Од разговорот со



него се запознавме со односот помеѓу државата и црквата, законот кој ги регулира овие односи, а посебно се заинтересиравме да направиме споредба со начинот на спроведување на веронауката во училиштата, кај нас на Балканот и во Германија. За разлика од поранешните југословенски држави, во Германија не постои дилема дека веронауката е важен предмет кој особено позитивно придонесува за квалитетно воспитување на децата, запознавање со својата религија и градење на моралните норми кај една личност.

Една од поважните средби која беше остварена е средбата и разговорот со г-ѓа Ингрид Фишбах, член на Бундестагот, задолжена за црквите и верските заедници од фракцијата ЦДУ/ЦСУ (CDU/CSU). Во подробното излагање, г-ѓа Фишбах наведе дека фракцијата ЦДУ/ЦСУ е во постојан контакт со црквите и различните верски заедници. Постои постојана размена на информации, за она што е важно за верските заедници, пред сè етичките прашања, социјалната праведност итн. Дознавме дека не се само верските заедници оние кои се заинтересирани нивното мислење да се земе предвид, туку тука се и самите политичари, кои сакаат да го слушнат мислењето на верските заедници во врска со важните прашања. Со жалење констатиравме дека ваквиот квалитетен однос на државата кон верските заедници сè уште е недостижен во нашите земји на Балканот.

Се запознавме и со работата и мисијата на фондацијата Конрад Аденауер; ја посетивме Католичката новинска агенција – КНА, која известува за сите верски настани коишто се случуваат во Европа, а особено е задолжена да ги следи активностите на папата Бенедикт XVI; Музејот посветен на Холокаустот во Берлин навистина успеа да ни ги долови сите жални моменти од животот на Евреите во Германија за време на Втората светска војна, а разгледувањето на градот

ни остави прекрасен впечаток, особено нам, кои за прв пат го посетивме Берлин. Панорамите од куполата на Рајстагот и од врвот на Катедралата во Берлин се восхитувачки.

Иако програмата беше навистина до максимум пополнета, интересните настани на кои присуствувавме не ни дадоа можност да се почувствуваме заморени. Така беше и на црковните денови во Келн. Се забавувавме на големиот уличен фестивал кој го организира црквата од Келн, заедно со екуменските партнери. Центарот на градот Келн постојано беше исполнет со театарски групи, кабареа, пантомимичари, музичари и уште многу други атракции. А, на „Саемот на можностите" се претставија многу здруженија, асоцијации и волонтерски групи. Важни теолози одржаа предавања на различни теми кои се особено битни во денешно време. Ние имавме можност активно да учествуваме на овие предавања и да дискутираме на одредени теми, како на пример: „Побожноста и политиката", „Верата е вода на животот – мудроста за соживот помеѓу религиите", „Што му донесува религијата на општеството?", „Што е за мене свето? – Помеѓу слободата на изразувањето и почитувањето на верските чувства", „Да бидеш христијанин во општеството – да бидеш христијанин за општеството" и др.

Специјално за средбата со нас, групата теолози од југоисточна Европа, допатуваа и двајца бискупи од Латинска Америка. Со нив се сретнавме во Синагогата во Келн и на заедничката вечера ги споделивме нашите впечатоци од црковните денови во Келн и начинот на кој можеме позитивните искуства да ги примениме дома во нашите цркви и верски заедници.

И, за крај на ретроспективата од ова дружење и посетените настани, би сакале да ја издвоиме и „најслатката средба" на која присуствувавме. Имено, Евангелистичката работна група од фракцијата ЦДУ (CDU) организира прием во Музејот на чоколадите во Келн. Особено слатко задоволство беше да се проба од вкусната чоколада која неизмерно течеше од неколку фонтани во Чоколадниот музеј.

Ова дружење на црковните денови во Келн, за нас, како млади теолози, навистина беше едно големо искуство кое го понесовме со себе дома. Нашите меѓусебни контакти со сите учесници на студиската посета продолжија да се остваруваат, а тоа е еден голем чекор за зајакнување на меѓурелигискиот дијалог помеѓу младите теолози од југоисточна Европа. Впрочем, и самите организатори, кои постојано нè придружуваа, ја оценија оваа студиска посета како мошне позитивна, иако за првпат се одржува истата. Затоа се надеваме дека во иднина и други млади теолози од нашиве простори ќе имаат можност лично да го доживеат ова интересно искуство и да ги споделат своите впечатоци со сите нас, бидејќи колку повеќе знаеме едни за други, толку повеќе и ќе се почитуваме!

**Подготвија:**
**Анета Јовковска и**
**Спасе Спасов**

# КУРС ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК ПРИ ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"

Во рамките на програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија, на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски" од март, годинава, започна да се одржува курс по англиски јазик.

Како целна група се опфатени сите студенти од факултетот кои покажаа интерес за курсот. Самиот начин на учење е од убрзан тип, што значи дека се поминува материјалот за пократок временски период. Часовите се одржуваат два пати неделно и траат час и половина. Се посветува внимание на зголемената интерактивност на студентите, со што се постигнува поголема слобода во изразувањето. Наставата ја изведува дипломиран професор од приватно училиште за странски јазици. По завршувањето, студентите ќе полагаат завршен испит и ќе добијат диплома за степенот за кој положиле, која е признаена во државните установи. Часовите започнаа со изучувањето на првиот степен, но за кратко време, поради покажаното знаење на студентите, се премина на повисок степен. Самите студенти се задоволни од начинот на учење, начинот на предавање, но најголемо задоволство им претставува тоа што професорката на многу интересен начин им го пренесува знаењето. При предавањата, преку снимени касети, студентите имаат можност да го слушнат вистинскиот изговор и акцентот на јазикот.

**Подготвил:**
**Ненад Инчевски**

# МЕЃУХРИСТИЈАНСКИ ДИЈАЛОГ И СОРАБОТКА

*„Предавање на Православниот богословски факултет од монсињор Антун Циримотиќ од Католичката црква „*

Во рамките на проектот *Размена на знаења за другите религии* и во овој летен семестар беа планирани разменски предавања на Православниот богословски факултет, со цел да се зголемат знаењата кај студентите (теолози) за религиските учења на другите религии.

Така, на 9 мај, студентите од прва и втора година на Православниот богословски факултет имаа можност да го слушнат предавањето на монсињор Антун Циримотиќ од Католичката црква на темата „Меѓухристијански дијалог и соработка". Студентите се запознаа со историјата на меѓухристијанската соработка, но и со сегашните иницијативи и активности кои се преземаат на ова поле. Беше проследен и еден важен документ кој е произлезен од оваа меѓухристијанска соработка, а тоа е „Карта екуменика". Документот точно ги определува начините и можностите за соработката помеѓу христијаните, кои би требало да претставуваат едно упатство според кое ќе се раководат верските великодостојници, но и верниците кога станува збор за меѓухристијанскиот дијалог и соработка. Студентите покажаа голема заинтересираност за оваа тема што можеше да се забележи и од многубројните прашања кои ги поставуваа за време на предавањето.

Генерално, студентите сметаат дека ваквите разменски предавања се корисни и дека треба да продолжат и во иднина. Потребата од ваквиот вид предавања ја објаснуваат со тврдењето дека предавањата им овозможуваат да дознаат нешто повеќе за религијата на другиот, особено за работите кои претходно им биле нејасни

**Подготвила:**
**Анета Јовковска**

# КОНЦЕРТ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА КАТОЛИЧКАТА ЦРКВА И НА ЕВРЕЈСКАТА ЗАЕДНИЦА ВО МАКЕДОНИЈА

*На 13-ти јуни во католичката катедрала „Прсвето Срце Исусово„ се оддржа заеднички концерт во организација на Католичката црква и на Еврејската заедница во Р. Македонија.*

Овој концерт беше под мото Шалом - Мир, а настапија Камерниот хор „Моис Хасон" при Еврејската заедница во Р. Македонија и Академскиот хор „Мирче Ацев", овој пат и двата хора под диригентската палка на маестро Томислав Шопов.



На програмта на Камернито хор „Моис Хасон" беа точки од еврејската духовна и литургиска музика, а на програмта на хорот „Мирче Ацев" беа точките со христијанска духовна тематика. Крајот на концертот беше крунисан со изведбата на двата хора на една заедничка точка, а тоа беше популарната хорска точка од операта Набуко или повеќе позната како Хорот на Евреите.

Католичката катедрала беше преполна, а наедно и луѓето и посетителите кои беа таму не го криеја своето задовлство. Тие станаа сведоци на една ваква прекрасна манифестација/концерт. Овој концерт беше од особено значење, бидејќи на овој начин тие ја покажаа добрата мултиетничка соработка помеѓу двете заедници и докажаа дека е потребно многу малку за да се направи добар соживот и соработка помеѓу верските заедници.

Оваа соработка треба да претставува предизивик и за другите верски заедници во Македонија, а секако и за овие две заедници за да ја развијат меѓусебната соработка и понатаму, но и да работат повеќе на заеднички идеи.

**Подготвил:**
**Ави М.Козма хазан**
**Еврејска заедница во Р.Македонија**

# ЦРКВИТЕ НИЗ СВЕТОТ ЌЕ УЧЕСТВУВААТ ВО ГОЛЕМО ДВИЖЕЊЕ ЗА МИР

**Конкретни планови за мобилизирање на црквите низ светот за мир беа одобрени од Извршниот одбор на Светскиот совет на црквите (ССЦ) на почетокот на март. Она што се очекува да стане главно движење на црквите за мир ќе кулминира со Меѓународниот екуменски мировен собир кој ќе се одржи на почетокот на мај 2011 г.**

Дел од одобрениот план е околу 50 екуменски тимови кои носат „пораки за мир" да посетат цркви кои се соочуваат со ситуации на насилства помеѓу 2007 и 2011 г. Тимовите со „пораки за мир" ќе бидат конкретен израз на солидарност, како и обид да се споделат наоди и да се научи едни од други. Најмалку три посети ќе се случат во 2007 г., а предвидени се околу 15 посети годишно помеѓу 2008 и 2010 г.

Планот вклучува серија експертски консултации во партнерство со истражувачки институти и НВО, додека теолошките факултети и семинариите ќе бидат поканети да се вклучат во пишувањето на Декларацијата. Суштинска цел е да се вклучат акциските групи и црковно-заснованите мировни организации кои веќе работат и може значително да придонесат кон процесот согласно нивното искуство и посветеност. Исто така ќе се бара придонес и од уметници.

„Целта е да се досегне до колку што е можно повеќе заинтересирани црковни групи и да се побара нивниот придонес кон Декларацијата во форма на текстови, молитви, песни, слики", вели Геико Милер-Фаренхолц, германски теолог кој го координира Меѓународниот екуменски мировен собир (МЕМС) кој се очекува да ја усвои Декларацијата.

Начелните датуми за Собирот се 4-11 мај 2011 г., на место коешто сè уште не е одредено. Мотото ќе биде „Слава на Бога и мир на земјата". Ќе присуствуваат околу 2.000 учесници од цркви, организации и мрежи, како и претставници на други вери. Извршниот комитет на МЕМС ќе ја донесе одлуката за местото на одржување во септември 2007 г. И Собирот и Декларацијата беа побарани на 9-то Собрание на МЕМС, одржано во февруари 2006 г., во Бразил. Собирот ќе го одбележи крајот на **Декадата за надминување на насилството: цркви кои бараат помирување и мир 2001-2010** на МСЕС. Екуменската Декларација за праведен мир нема да се залага да биде „екуменска изјава на консензус", вели Милер-Фаренхолц. Таа повеќе ќе биде „акт на јавно сведоштво и потврда на истрајната надеж во свет растргнат од насилство". Без обид да „зборува во името на сите", таа ќе се обиде да „зборува секому кој сака да слушне".

Декларацијата којашто е „теолошки и духовен текст", ќе упати на шест основни области од интерес: масовната реалност на човечкото самоуништување; родово поврзано и меѓугенерациско насилство; користењето на фасцинацијата од насилство од страна на забавната индустрија; насилството кон природата; насилството вткаено во економската неправда и нејзините глобализирани последици и структурни изрази; и, вековната казна на војната која продолжува да ги напаѓа живоtите на многумина низ светот.

Како израз на екуменското сведоштво на мирот, Декларацијата „мора да содржи признание на фактот дека во текот на вековите христијанските цркви вршеле прилично насилство, без оглед дали е тоа кон жени или кон 'пониски' класи, кон 'еретици' или 'пагани', или во оправдувањето војни, расизам, ропство, економска експлоатација или други форми на угнетување", нагласува Милер-Фаренхолц.

Ќе биде направен напор да „се ангажираат претставници на други вери во барањето свештенства на мир кои не ни овозможуваат само да ја надминеме широкораспространетата и растечка предрасуда и недоверба, туку исто така и ни помагаат во борбата против неодамнешните трендови кои ги претвораат политичките конфликти во религиозни судири", додава тој.

Повеќе информации може да се најдат на веб-страницата: http://overcoming-violence.org

**ПОИМНИК:**

**ВЕРА** (gr. πιστις, lat. cedens) темел, известност, „жива претстава за она, на кое се надеваме, и докажување на она, што не се гледа" (Евр. 11,1), За апостол Павле *верата* е дејствување на Божјата благодат, која паднатиот човек го приведува кон состојбата на спасение (Рим. 1,17).

**МИТРОПОЛИТ** една од повисоките титули во црковната ерархија, глава на една епархија. Светиот синод на Македонската православна црква го сочинуваат: неговото блаженство, архиепископот охридски и македонски г.г. Стефан, девет митрополити и еден викарен епископ.

**МУФТИЈА** – свештено лице во рамките на Исламската верска заедница кое е предводник на еден регионален управен орган во рамките на исламската заедница (т.е. муфтиство). ИВЗ во РМ има 13 муфтиства.

**НАДЗОРЕН ПАСТИР** – одговорно лице за еден или повеќе окрузи во рамките на Евангелско-методистичката црква. Тој ја набљудува целокупната работа во рамките на заедницата.

**РАБИН** (Раби – хебр.) – мериторен толкувач и признаен судија на еврејскиот закон.


## Тромесечна информативна публикација Билтен за меѓурелигиска соработка

Издавач: Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС); Македонска православна црква (МПЦ), Исламска заедница во Р. Македонија (ИЗ), Католичка црква (КЦ), Еврејска заедница во Р. Македонија (ЕЗ), Евангелско-методистичка црква (ЕМЦ).

Издавачки совет: Александар Кржаловски (МЦМС), Ѓоко Ѓорѓевски (МПЦ), Метин Изети (ИЗ), Дон Мато Јаковиќ (КЦ), Ави Козма (ЕЗРМ), Милица Попризова (ЕМЦ).
Главен и одговорен уредник: Александар Кржаловски
Лектура: Даниел Медароски
Дизајн: Кома,
тираж: 500 примероци
Печати : Боро графика
Финансирано од Норвешката и Данската црковна помош.

Рег бр. 02-161/2


## Регистрирани верски заедници и религиозни групи во Македонија

1. **Македонска православна црква**
   Бул. "Партизански одреди", 12, Скопје
2. **Исламска верска заедница**
   Ул."Чаирска" 52, Скопје,
3. **Католичка црква**
   Ул. "Ристо Шишков"31, Скопје,
4. **Еврејска верска заедница во РМ**
   Ул. "Борка Талески"24, Скопје
5. **Евангелско-методистичка црква во РМ**
   Ул. „Дебарце" 9, Скопје
6. **Христијанска адвентистичка црква (Црква на адвентистите на Седмиот ден)**
7. **Христијанска адвентистичка црква во РМ**
8. **Баптистичка црква "Радосна вест" во РМ**
9. **Еховини сведоци - христијанска верска заедница**
10. **Евангелско-конгрешанска црква**
11. **Света столица и круна на Исламска еренлерска тариканска верска заедница во Македонија**
12. **Новоапостолска црквава во македонија**
13. **Сатја Саи центар**
14. **Евангелска црква во РМ**
15. **Ваишнавска верска заедница**
17. **Прахристијанска заедница-"Универзален живот"**
18. **Црква Божја во РМ**
19. **Христијанска религиозна група Нова надеж**
20. **Бекташиска заедница во РМ**
21. **Христијанска црква "Слово на надеж"**
22. **Христијанска црква Божји глас**
23. **Меѓународна црква на Христос Скопје**
24. **Независна Христова црква**
25. **Христијанска црква "Блага вест"**
26. **Обединета библиска црква - Библиски центар**

